Menadžeri (Makedonski)
Vrsta: Seminarski | Broj strana: 5

Вовед

Менаџер е секој кој на било кое ниво во организацијата го насочува напорот на другите луѓе за остварување на целите.

Постојат повеќе причини за тоа зошто претпријатието има потреба од менаџер и тоа:

- Менаџерот треба да обезбеди неговата организација да ја извршува својта основна намера, а тоа е ефикасно производство на конкретни производи и услуги.
- Менаџерот треба да планира да преземе и поддржи стабилност на активностите на неговата организација.
- Менаџерот треба да превземе обврска за стратегишкиот систем на организацијата и во тој поглед да ја приспособи неговата организација кон менливото окружување.
- Менаџерот е одговорен за дејствувањето на неговата организација според статутот.
- Менаџерот треба со плански приод да ги насочи идните активности на претпријатието, да развие таква организација која ќе обезбеди ефикасно извршување на акциите, да ги синхронизира активностите на претпријатието, да ги мотивира луѓето за ефикасна и корисна употреба на својот труд и да контролира како се остваруваат целите.

Различни менаџери извршуваат различни работи во зависност од организациското ниво на кое се наоѓаат, функцијата што ја извршуваат, позицијата што ја заземаат.
Според организациските нивоа, менаџерите можат да бидат врвни менаџери, менаџери на средно ниво и менаџери на ниско ниво. Врвните менаџери (top managers) се одговорни за извршување на целите не ниво на претпријатието и за целокупното раборење на претпријатието. Менаџерите на средно ниво (middle managers) се одговорни за одделенијата во претпријатието, како и за конкретни активности во рамките на секторот. Менаџерите на нико ниво (first line managers) се одговорни за извршување на политиките и процедурите во претпријатието со помош на напорот на работниците.
Според функцијата, менаџерите на различно ниво извршуваат различни функции, како на пример: маркетинг, производство, набавка, финансии, инвестиции, истражување и развој и човечки ресурси.

Според позицијата, менаџерите можат да бидат извршни директори и функционални менаџери. Извршниот менаџер е одговорен за целокупното работење на претпријатието, а функционалните менаџери се одговорни за соодветна функција.
За повисоко ниво на менаџерот еднакво се важни концепциската и човечката способност. Обратно, за менаџментот на пониско ниво поважна е техничката способност, а помалку важна е концепциската. Техничката способност е многу важна за ефективноста на менаџерите на пониско ниво, бидејќи тие имаат директни контакти со вработени во извршувањето на работните активности. Менаџерите на пониско ниво треба да обезбедат техничка помош и поддршка на вработените во работната единица. Колку се оди нагоре по менаџмент-скалата, важноста на техничката способност обично се намалува, бидејќи менаџерот има помалку непосредни контакти со секојдневните проблеми и активности.
Оптимализацијата на трите способности варира според нивото на менаџментот во претпријатието. На пониските нивоа попотребни се техничка и човечка способност. На повисоко ниво, ефективноста на менаџерот зависи од човечката и концепциската способност. На највисоко ниво на менаџмент концепциската способност станува најважна. Резултатите од истражувањата на 300 претседатели на врвни банкарски, индустриски, осигурителн, јавни малопродажни и транспортни фирми, за видовите способности и нивоата на менаџмент.

**---------- OSTATAK TEKSTA NIJE PRIKAZAN. CEO RAD MOŽETE PREUZETI NA SAJTU. ----------**

www.maturskiradovi.net

**MOŽETE NAS KONTAKTIRATI NA E-MAIL:** maturskiradovi.net@gmail.com